# Урбаните птици низ Македонија

Во градовите не живеат само луѓе. Дури и во центрите на „бетонските џунгли“ има диви птици. Погледнете низ прозорецот, разгледајте што има околу вас додека пешачите по тротоар, држете ги очите широм отворени додека шетате низ парк. Насекаде околу нас има природа!

Најдобрите локации за урбаните птици се парковите и градините и во нив можете да набљудувате птици преку целата година. Градовите не се дом само за гулаби и врапчиња. Повеќе од стотина вида на птици ги делат градовите со нас – од грмушарчиња, до разни видови птици грабливки; од ѕвингалки до сиви соколи. За време на една подолга прошетка низ парк можете да видите клукајдрвци, сипки, соколи, врани... А, ако има и водни површини ќе видите патки, чапји, барски кокошки и рибарчиња.

Градовите се дом и на птиците преселници. Славејчето кое го слушате во дрвото пристигна од Африка, патките кои можете да ги видите во зима на водните површни може да доаѓаат од Финска!

### Ако сакате да набљудувате птици во вашата градина:

- Поставете хранилки со различна храна во зима низ вашата градина и ќе забележите неколку вида на сипки и врапци, ќосови, црвеногушки и сколовранци.
- Налето привлечете ги со мали бањи со свежа вода во кои ќе можат да се напијат и освежат.
- Посадете домашни видови на растенија и дрва кои ќе бидат поиздржливи на нашата клима и ќе привлечат разновидни инсекти со кои се хранат птиците.







# Како да набљудувам птици?

Следи ги следниве насоки:



**1. Каде да одам?**

Најдобрите места за набљудување птици се во природа. Но, за почеток одберете било каква отворена зелена површина низ која не се движат премногу луѓе а на која има грмушки и/или водени површини. Таму птиците најлесно се забележуваат. Погледнете што има и во вашата градина!

**2. Како да ги научам птиците?**

Набавете книга - водич за птици. Запишувајте што сте виделе и каде. Цртањето на најосновни скици од птиците кои сте ги виделе ќе ви помогне во запомнувањето и идентификацијата на птиците.

**3. Каква опрема ми е потребна?**

За почеток ви треба само добар двоглед. Тој не треба да биде ниту премногу силен ниту премногу тежок. Двогледите со големо оптичко зголемување е тешко да се стабилизираат во рака, а оние кои многу тежат е напорно да се носат околу врат. Одберете двоглед со ознаки 8x42 или 10x50.



**4. На што да внимавам?**

- ✗ Никогаш не се доближувајте до гнездата на птиците!
- ✗ Земањето на јајца од гнездо е забрането со закон!
- ✗ Не гледајте директно во сонце со двоглед, тоа може да доведе до трајно слепило.



# Белешки за птици



Го славиме **ДЕНОТ** на птиците **ПРЕСЕЛНИЦИ**



spring alive

HEIDELBERGCEMENT

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773 | моб: 078 371 175
birds@mes.org. mk | www.mes.org.mk

Boris Trajkovski st.7 No. 9A
1000 Skopje, Macedonia
tel: +389 2 2402 773 | mob: +389 78 371 175
birds@mes.org. mk | www.mes.org.mk

MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

Веќе пет децении работиме на промовирањето на екологијата како наука и нејзиното вклучување во образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Five decades of dedication to ecology, education, nature conservation and environmental protection.


Обичен лазач
Sitta europaea
©Andreas Trepte
Пиштарка
Apus apus
©Paweł Kuźniar
Црвеногушка
Erithacus rubecula
©PierreSelim
Голема сипка
Parus major
©Luc Viatour
Билбилче
Carduelis carduelis
©Francis Franklin
Зелентарка
Carduelis chloris
©Andreas Trepte
Селска ластовица
Hirundo rustica
©Martin Mecnarowski
Рибарче
Alcedo atthis
©Andreas Trepte
Сириски клукајдрвец
Dendrocopos syriacus
©Zeynel Cebeci
Славеј
Luscinia megarhynchos
©Vogelartinfo
Зелен клукајдрвец
Picus viridis
©Hans-Jörg Hellwig
Бела тресиопашка
Motacilla alba
©WikiMedia
Ѕвингалка
Fringilla coelebs
©Andreas Trepte
Пупунец
Upupa epops
©Luc Viatour
Ќук
Otus scops
©Bohuš Číčel
Дива патка
Anas platyrhynchos
©Botaurus-stellaris
Лиска
Fulica atra
©WikiMedia
Кос
Turdus merula
©Andreas Trepte
Гулаб гурмиш
Columba palumbus
©DickDaniels
Зеленонога барска кокошка
Gallinula chloropus
©Huhu Uet
Сколовранец
Sturnus vulgaris
©PierreSelim
Чавка
Corvus monedula
©Darkone
Страчка
Pica pica
©Justin Otto
Полска врана
Corvus frugilegus
©Rafał Komorowski
Гугутка
Streptopelia decaocto
©DickDaniels